# Здружение РАДКО - Охрид

ул. Галичица бр. 47, 2/4 6000 Охрид / GSM: + 389 71 51 08 26
E-Mail: radkomk@gmail.com / Website: www.radkomk.com

---

## ПРОГРАМА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Здружението РАДКО - Охрид е основано со решение на Собранието на основачите одржано на ден 24.05.2000г..

Здружението РАДКО - Охрид беше регистрирано во "Регистарот на здруженија" на ден 19.06.2000г. под бр. Рег.Згфа.бр.18/2000 со Решение на Основниот суд – Охрид.

Уставниот суд на Р.М. на ден 21.03.2001г. ги прогласи за ништавни програмата и статутот на здружението. Ова Решение на Уставниот суд на Р.М. беше публикувано во Службен Весник на Р.М. бр. 27 од 10.04.2001г..

Здружението РАДКО - Охрид незадоволно од Решението на Уставниот суд на Р.М. направи жалба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во Страсбург. Жалбата беше регистрирана под бр. 74651/01 на ден 04.10.2001г..

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на ден 15.01.2009г. донесе пресуда дека Р. Македонија ја нарушила Европската конвенција и правото на здружување.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) со писмо од 05.05.2009г. го информира Здружението РАДКО - Охрид дека пресудата донесена на ден 15.01.2009г. станала правосилна, бидејки Р. Македонија не се жалила на горе наведената пресуда.

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл.Весник на Р.М. бр.31/98), Собранието на основачите на седницата одржана на ден 05.07.2009 година реши да побара пререгистрација на Здружението РАДКО - Охрид.

Со ПРЕСУДА на Врховниот суд на Република Македонија УЖП.бр.940/2010 од 17.05.2011 година здружението РАДКО - Охрид го доби процесот против Решението за нерегистрирање на здружението донесено од страна на Централниот регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Охрид број 3 на 31.07.2009 година.

Централниот регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје број 1 со ИЗВЕСТУВАЊЕ број 08-3513/3 од 25.07.2011 побара од Здружението РАДКО - Охрид нова комплетна документација за пререгистрација на здружението во рок от 30 дена по приемот на писмото.

Врз основа на член 16 од Законот за здруженија и фондации (Сл.Весник на Р.М. бр.52 од 16.04.2010 г.), а постапувајќи по ИЗВЕСТУВАЊАТА број 08-3513/3 и 08-3513/4 од Централниот регистер на Република Македонија - Скопје, Регионална регистрациона канцеларија во Скопје број 1, Собранието на основачите на Здружението РАДКО - Охрид на седниците одржани на ден 02.08.2011 и на ден 06.09.2011 ја донесе следната

# ПРОГРАМА

## на Здружението РАДКО - Охрид

Здружението РАДКО - Охрид е создадено заради заштита и реализација на национално-културни и политички права, интереси и убедувања на Бугарите од Р. Македонија.

Здружението РАДКО - Охрид се занимава со афирмација и реализација на идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ.

Здружението РАДКО - Охрид е самостојна, општествена, национално-културна и политичка организација на Бугарите од Р. Македонија.

## I. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

Кога се зборува за човечки вредности и принципи Здружението РАДКО - Охрид тргнува од нашето бугарско културно и традиционално разбирање за смисилот на животот. Имено, разбирањето на смисолот на животот е она нешто коешто дава вредност и содржина на животот, смисолот значи го залива животот со задоволството и радоста на живеењето и претставува основа на човечката среќа.

Здружението РАДКО - Охрид смета дека прашањето за смисолот на животот е од првостепена важност, бидејки го засегнува најважниот проблем за човекот: целта на неговото земно суштествување. Ако човекот завземе правилна позиција по ова прашање, ако го осознае вистинското значение на собственото земно суштествување, тогаш тој е во состојба да се соочи адекватно со вообичаените и секојдневните дела во својот живот, како што се односите со блиските, неговото образование, професија, брак, раѓање и одгледување на деца. Но ако човекот не завземе правилна позиција по ова основно прашање, тој ќе претрпи неуспех и во другите цели на својот живот. Зошто каков смисол можат да имаат тие цели, кога човешкиот живот како целина нема смисол.

Бидејки човекот се раѓа, твори и умира во една средина која што представува култура и традиција на еден народ, за Здружението РАДКО - Охрид основното прашање за смисилот на животот е прашањето како културата и традицијата на тој народ одговара на тоа прашање. Нашата бугарска култура и традиција во својата суштина представува христијански светоглед и христијанска вредност. Тоа значи дека се прифаќа и развива фактот дека суштината на христијанскиот живот е Обожувањето на човекот преку божјата благодат.

Христијанското поимање на категоријата “Обожувањето на човекот“ би можело да се разбере на следниот начин (со современи зборови кажано): “од моментот кога човекот ќе го достигне стадиумот на своето интегрално "ноосферно" суштествување и стане "вселенска цивилизација" т.е. таков социо-вселенски систем којшто функционира како организирачки, конструирачки и управувачки вселенски субјект, започнува вистинската историја на човекот како општовселенска форма на "супер-интелегентен живот", неговиот по принцип неограничен саморазвиток како самоцел, како и започнувањето на вистинската историја на вселената, чија што цел е нејзино претворање во општовселенски "организам" на супер-интелегентен живот“. Конечно, ваквото поимање за смисилот на животот ни овозможува да формулираме многу важен критериум за "прогресивност" и "височина" на социјалната организација на човечкото општество во неговиот историски развиток: "повисоката и посовршена е онаа организација на општествениот живот, која што овозможува поцелосна и посеопфатна самореализација на човекот во неговата социо-вселенска суштина - да биде "субјект-коструктор, управител и организатор на Вселената".

Преку идејата за очовечувањето на Бога (Бог стана човек) и соодветно на тоа Обожувањето на човекот (за да човекот стане Бог) Христијанството радикално ја пробразува јудејската визија од Стариот Завет. Јудејската визија за човекот била дека човекот е “роб Божји“, една пасивна, рецептивна страна, којашто го прифаќа со покорност или непокорност дејствувањето на Божјата волја. Па така, во зависност од тоа следи награда или казна за човекот.

За разлика од јудејската визија, Христијанството гледа во човекот создаден бог (по Божји образ) и партнер на Бога во неговите дејствија и планови. Затоа Христијанството го поцртува значењето на слободната волја на човекот - без доброволната согласност на човекот, Бог не може да ги реализира своите планови.

“По Божји образ“ се однесува на даровите, коишто Бог му ги даде само на човекот, за разлика од останатите Негови созданија на земјата, така што само човекот е икона на Бога. Тие дарови се: сознание, разум, слободна волја (слобода), творештво, копнеж и жед за абсолутното и за Бога и сето она коешто го прави човекот личност. Со други зборови, она коешто го прави човекот личност се даровите “по Божји образ“.

Надарен со “Божји образ“, човекот е повикан да го придобие “Божјото подобие“, поточно, е создаден за да стане Бог, да постигне обожување. Бог којшто е тоа по природа, го повикува човекот да стане Бог по благодат. Значи, Бог го надари човекот со даровите “по Божји образ“; така што тој да може да се возвиши, и преку тоа да се здобие со “Божјото подобие“ и стане учесник во Божјата егистенција.

Така, може да се каже дека Христијанството е најголемата метафизичка и антрополошка револуција во човешката историја. Од филозофската реинтерпретација на човекот природно се стигнува и до социјално-културната реинтерпретација; штом секое човешко суштество е личност, односно суверен, творечки субјект, не само микрокосмос, но и микротеос; тогаш, човекот не може

да биде третиран како објект. Во Христијанската метафизика робството се третира како метафизички скандал. Од друга страна, штом на секое човешко суштество му припаѓа метафизичка, првична слобода; тогаш, државата и општеството треба да се сообразуваат со таа слобода како со неоспорен факт. Оттука тргнуваат корените на секоја демократија. Затоа, кога се зборува за плуралистичка демократија во државата, односно општеството тогаш се мисли не на нешто друго, туку на секуларизирано Христијанство.

Здружението РАДКО - Охрид како организација со христијанско-демократски светоглед ја има во предвид и програмата на ЕНП (Европската Народна Партија) од 1992г., во којашто на восхитувачки начин се вградени христијанските корени на партијата, крајната политичка цел – Обединета Европа и принципите коишто ја овозможуваат таа цел, а притоа да се сочува целосно Европското национално-културно и историско разнообразие и постигнување.

Во текстовите на ЕНП (Европската Народна Партија) коишто се однесуваат за претставата на човекот, се говори:

- Ние, христијандемократите, членови на ЕНП, се произнесуваме за неприкосновеност на достоинството на секој човек. Ние човекот го поимаме како субјект на историјата, а не како нејзин објект.

- Како носители на европско-христијанските вредности, ние гледаме во секој човек личност – едно единствено по род суштество, коешто ниту може да биде заменето, ниту сведено до друго суштество, коешто по природа е слободно и е отворено кон трансцедентното.

- Секој човек зависи од комуникацијата со другите луѓе. Како слободна, солидарна и одговорна личност, човекот може да учествува во изградбата на обштеството. Многу од нас го мотивираат сопственото ангажирање преку убедување дека се повикани да се вклучат во творечкото и ослободителното Божје дело.

За Здружението РАДКО - Охрид, вишиот тип на регулатор на човечкото однесување е моралот - личноста на човекот како морален субјект. Главните карактеристики на моралот се: рамноправност, чувството за долг и одговорност и признавањето на самовредноста на секоја личност.

Под поимот рамноправност се крие следното: јас, како конкретна личност, им ги признавам на сите други личности истите права и должности, како на себе си; истите можности за саморазвивање и самореализација, како на себе си, истите можности за несовршеност, грешки и простување како на себе си. Притоа, треба да внимаваме да не направиме грешка во разбирањето на овој поим, бидејќи не станува збор за рамноправност како даденост. Со знаење, умешност, талент, способност, физиологија, психика, волја, емоционалност, луѓето не се и не можат да бидат еднакви.

Под поимот чувство за долг и одговорност се подразбира квалитетно исполнување на оние дејности, коишто се нужни на општесвото таму каде што живее дадената личност. Зад тоа се крие неопходноста од лична мобилизација за да може да се реализираат општествените и личните идеали на луѓето. Во спротивен случај општеството ќе се врти на едно место, ќе се движи хаотично и на крај ќе се распадне.

Под поимот признавањето на самовредноста на секоја личност се подразбира уважување кон личноста, кон нејзиното достоинство, кон најзините идеали, мотиви и стремежи.

**Здружението РАДКО - Охрид своите вредности и принципи ги основува на следните очевидни вистини:**

**01. Достоинството на човечката личност.**

Христијанството го издига достоинството на човечката личност како највиша вредност, којашто ги обединува човешките способности, придавајќи им насока и содржина. Обезценувањето на човечката личност ја одрекува христијанската смисла на животот и предизвикува дуализам во човечкото сознание, коешто може да причини многу страдања.

Коко венец на создавањето секој човек го носи во себеси “Божјиот образ“ и со својата слободна волја е повикан да се стреми кон духовно и морално усовршување.

Здружението РАДКО - Охрид верува дека секоја личност е дарена со безусловно и незаменливо достоинство и е ценета сама по себе си. Задачата на општеството, државата и политиката е да го заштитува човечкото достоинство во секојдневниот живот. Го споделуваме сознанието дека човекот е несовршен и дозволува грешки, и дека суштествува можност, користејќи ја својата слобода, тој да не успее.

**02. Слобода.**

Границата за слободата на човекот се простира до слободата на другите луге. Но слободата на другите луѓе не е само граница, воедно е и предпоставка за слободата на секој. Обштеството и државата го должи на секој човек просторот во којшто тој треба да се развива и којшто никој не може да му го земе.

Според Христијанството слободата е духовна категорија, бидејки таа припаѓа не на матерјалниот, а на божествениот и богоподобниот свет. Човекот е слободен, бидејки тој е Божја творба и како таков тој може да се самоопределува кон барањата на моралот, односно да го прима моралот како норма на однесување или да го отфрла.

Според Христијанството не суштествува абсолутна слобода. Таа секогаш е релативна и може да биде политичка, граѓанска и лична. Вистинската слобода не може да суштествува надвор од личноста, сама по себе си. Ако човек не е

духовно слободен, тој е роб на своите слабости и пороци и на тој начин тој се лишува од сопствените права.

**03. Одговорност.**

Човекот има можност сам да избира што да прави, а притоа носи одговорност за своите дејствија. Слободата на човекот е незамислива без одговорноста. Само слободниот човек може да носи одговорност пред сопствената совест, да биде одговорен кон останатите луѓе, кон минатите и идните поколенија.

Во Христијанството слободата добива највисок и потполен смисол само тогаш, кога се изразува во нејзината сврзаност со одговорноста на човекот пред Бога, пред себе си и пред ближните. Таа одговорна слобода добива особена вредност не само во областа на политичката и економската изградба, туку и во сферата на уметноста, техниката и науката. Лишени од морални основи и при состојба на несовршеност на човекот, тие области на појава на човечкиот дух се претвараат во разрушителни сили.

**04. Праведност.**

Праведноста ги гарантира условите коишто се нужни за реализација на слободата. Членовите на Здружението РАДКО - Охрид го споделуваат убедувањето за еднакви можности за самореализација на човечката личност. Тоа е јадрото на нашето видување за праведност. Ние веруваме, за да се постигне повеќе праведност, треба да се создадат повеќе можности за секој човек.

**05. Солидарност.**

Солидарноста преставува споделена одговорност по силата на којашто луѓето взаемно се помагаат. Солидарноста означува и можност на луѓето да учествуваат во постигнувањето на заедничките цели и во наголемувањето на благосостојбата на општеството.

**06. Толерантност.**

Толерантноста претставува уважување кон различните вредносни претстави на луѓето, коишто се во рамките на законот. Готовноста за уважување на луѓето и тогаш, кога нивните разбирања се различни од твоите и подготвеноста да не се навлегува во нивната слобода.

**07. Семејството.**

Христијанското семејство е свето. Бракот во Христијанството е воздигнат во тајна. Тој е институција, востановена од Бога и е осветена од Црквата. Во христијанското семејството мажот и жената го поставуваат почетокот на една заедница на љубовта, во којашто тие поседуваат едно исто човечко достоинство и еднакво се повикани кон создавачки труд и морален развиток. Воедно во семејството се изживуваат и споделуваат вредностите на коишто се

гради општеството, во него се изградува тоа коешто секоја една заедница ја прави внатрешно силна – обединување на слободата и одговорноста.

**08. Родољубие.**

Родољубието претставува сознание за собствените корени и однос кон собствениот потекло. Опстојување на становиштата коишто имаат свои основи во чувството на припадност. Баланс меѓу националното самосознание и европското обединување.

**09. Традиција.**

Зачувувањето на традициите, предавани од поколение на поколение, зачувувањето на бугарската историја, култура и јазик, но истовремено и сврзување на традициите со реалностите на секојдневието, сврзување на традицијата со модерноста.

**10. Антикомунизам.**

Идејното наследство на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЊЕ, како идејно наследство на антикомунизмот, за здружението РАДКО - Охрид претставува основа за морален избор, бидејки антикомунизмот претставува вредносен систем.

Антикомунизмот е и политичко и духовно поведение на спротиставувањето на реставрацијата и на рецидитивите на комунистичкото тоталитарно минато и на србокомунистичкото (македонистичкото) робство на Бугарите во Р. Македонија.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Основните цели на Здружението РАДКО - Охрид:**

- Здружението да биде организација којашто ќе ги афирмира и реализира идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЊЕ;

- Здружението да биде организација на способни, предприемчиви и уверени во себе си граѓани, коишто можат да превземаат одговорност за себе си, за своите семејства и за својата Бугарска историско-културна заедница во Р. Македонија;

- Здружението да биде организација изградена врз основа на традициите на европската христијанска цивилизација и на христијанските и плуралистичко демократските традиции на Бугарската ренесанса од 19 век;

- Здружението да биде организација којашто го интегрира општеството кон вредностите на Европејскиот сојуз и влиае кон усвојувањето на добрите европски практики;

- Здружението да биде организација којашто не ги прифаќа комунистичките и другите тоталитарни идеологии;

- Здружението да биде организација чиишто членови активно учествуваат во развивањето на бугарската култура и духовност;

- Здружението да биде организација чиишто членови ги уважуваат и пазат законите на државата, ги заштитуваат своите права и законски интереси и ги уважуваат правата и законските интереси на другите.

**Основните задачи на Здружението РАДКО - Охрид:**

- Бугарите од Р. Македонија да претставуваат конститутивен елемент во Уставот на државата;

- Еден од службените јазици на државата да биде и Бугарскиот литературен јазик;

- Афирмација на Бугарската историја и култура;

- Заштита од присвојување и фалсификување на Бугарската историја и култура;

- Возобновување на потребните културно-образовни и црковни институции во Р. Македонија по подобие на бугарските културно-образовни и црковни институции коишто суштествуваа на територијата на Р. Македонија во времето на Османската империја, се разбира прилагодени на современите услови и потреби;

- Возобновување на духовното и културното единство на Бугарите од Р. Македонија и Бугарите од Р. Бугарија;

- Заштита на Бугарите во Р. Македонија од репресии, полициско набљудување и малтретирање, прогонување, дискриминација и културен геноцид.

**За да се разберат целите и задачите на Здружението РАДКО - Охрид треба да се знае следното:**

01. Примањето на Христијанството од Источната Римска Империја (попозната како Византија) во 864 г. има решавачко влијание во формирањето на историското битие и идентитет на Бугарите. Тоа епохално событие ги открива новите хоризонти и создава најблагопријатни услови во изградувањето не само на тогашната Бугарска држава (Првото Бугарско Царство); туку, и во изградувањето на Независна Народна Бугарска Црква. Во идејата за Независна Народна Бугарска Црква денеска го препознаваме Бугарскиот вековен идеал, Бугарското Свето Троиство – христијанството, народноста (нацијата) и просветата.

Од тие причини, Македонската Бугарштина со векови беше воспитувана преку ликовите на Цар Самуил, на солунските браќа Св.Св. Кирил и Методиј и на Св. Климент Охридски.

За Цар Самуил најчесто се вели дека тој е национален херој. Тој ја поседуваше генијалноста на војник, но и интуицијата за сите големи дела. Тој имаше национално чувство на највисоко можно ниво. Тој беше, навистина, не само најпретставителна фигура на бугарската енергичност, но исто така претставник и пророк на бугарските завети. Пред него бугарските владатели водеја само државни војни. Војните коишто ги водеше Цар Самуил, се национални војни. Тој, новосоздадената бугарска народност од времето на Цар Симеон ја утврди и го создаде бугарското национално самосознание. Што се однесува до Македонија, тој од неа направи крепост на бугарштината. Така, секој бугарин од Македонија знае дека е стражар на бугарштината. Секој бугарин од Македонија знае, дека што и да се случи со бугарштината, тоа длабоко е врзано со неговата судбина, бидејќи тој директно ќе ги почувствува последиците, за разлика од некој бугарин, на пример од Софија, за кого последиците по бугарштината означуваат само емоција.

Најкрупниот факт во историјата на бугарите, којшто има решавачки последици за создавањето и зачувувањето на бугарската народност, а воедно и за иднината на бугарската култура, секако беше, без никакво сомнение, создавањето на славјанската азбука во 9 век. А, создателот на таа азбука беше апостолот Кирил. Нему исто така се должи благодарноста за преведувањето на свештените книги. Како терба да се нарече јазикот, на којшто беа направени тие перводи. Францускиот учен Луи Леже решително и јасно кажува: ,,Тој дијалект, не е, како што би можело да се мисли, мајка на современите славјански јазици, тој дијалект е само нивна постара сестра, тоа е стариот јазик на славјаните–бугари, на којшто апсостол Кирил го преведе писмото во 9 век’’.

После неуспешниот обид за распространување на славјанската писменост и богослужба во Моравија, таа повторно најде свое место - во Бугарското царство. При покрстувањето и на русите и на србите, тие го усвоја имено тој јазик. Така бугарскиот дијалект од Македонија, или старобугарскиот јазик, како што го нарекува францускиот историк Е. Дени, стана не само црковен јазик на православните славјани, но стана основа и патоказ во создавањето на народните култури. Старобугарскиот јазик имал, исто така како латинскиот, долг период на универзалност во славјанскиот свет. Тоа значи дека, ролјата на бугарите од Македонија во 9 век ги прекорачува рамките на бугарската историја, и се открива како фактор којшто имал решавачко влијание во оформувањето и почетниот растеж на духовната цивилизација меѓу сите православни славјани. И затоа делото на браќата Св.Св. Кирил и Методија, преку нивниот превод на свештените книги на старобугарскиот јазик е најкрупниот факт во историјата на источна Европа.

Од сите ученици на светите браќа најзбележителен по карактер и по размерите на својата дејност несомнено е Св.Климент Охридски. Тој е и најпознатиот, зошто животот му е опишан во многу летописи. Полето на неговиот подвиг беше Македонија. После враќањето од Моравија, тој беше испратен од Кнез Борис во Охрид, веќе во тоа време еден од главните градови на Бугарија. Делото му беше свето и огромно. Тој формира училиште во Охрид, коешто стана знамето и огништето на религиозната и литературната култура на Бугарите. Климентовото училиште собираше, духовници, писатели, преводачи,

толкувачи, коишто отука го земаат својот полет, за да се прснат во сите бугарски краишта како ревносни дејци во полето на родната литература и носители на евангелската (радосната) вест, дека бог станал човек, со намера луѓето преку него да станат богови, односно луѓето да станат учесници во божјата егзистенција. Ликот на Св.Климент Охридски сјае во бугарската историја со безмерна светлина. Една длабока и благоговејна почит го опкружува името му. Сите бугарски краишта го почитуваат споменот на Охридскиот апостол, но неговиот спомен особено е жив во град Охрид и околината. На други места тој е само симболичен образ, којшто го претставува полетот на христијанската вера, зората на бугарската народна култура, мистичната љубов кон собствениот народ, но во град Охрид и околината во него се гледало секогаш нешто повеќе. Во Св.Климент Охридски, охриѓани гледале една неопходна покровителска сила, којшто бдее над судбината на народот, секогаш готова да ги заштити во деновите на испитанија, еден вдахновител, еден водач и еден соучесник во сите борби, коишто во различните времиња и до денес, бугарите од Македонија требало да ги водат, за да ја зачуваат собствената вера, народност (нација) и собствената слобода.

02. Повеќе од сто триесет години вниманието не само на политичкиот и културниот свет, но и на широкото светско јавно мислење е привлечено од Македонското прашање, како едно од најголемите драматични точки во нестабилната положба на Балканот. Иако светската дипломатија често се занимавала со него и меѓународниот печат постојано ја истакнувал потребата од правично решение на Македонското прашање; исто така иако студената војна заврши и почна демократизацијата на поранешните социјалистички источноевропски земји, Македонското прашање остана во старата состојба на неуреденост.
Во светот се знае дека Македонското прашање излегува на сцената за прв пат по 1878г. - кога беше создадена Бугарската држава, со решението на Берлинскиот конгрес. Територијата на Македонија, повторно останува под владеење на Османската империја и започнува ослободителна борба на бугарското население. Тогаш почнува да се зборува за посебно Македонско прашање. Дотогаш, такво прашање не суштествувало, бидејќи тоа било дел од општото прашање за ослободување на бугарската народност (нација), дел од општото бугарско национално прашање што се однесувало подеднакво за трите големи географски области (каде што живее бугарската народност - нација), Мизија, Тракија и Македонија. Затоа, во својата основа Македонското прашање е бугарско национално прашање.
Македонското прашање може да се набљудува во четири последователни историски фази:
- Првата фаза е периодот по Берлинскиот конгрес до Балканските војни, 1878г. - 1912г.;
- Втората фаза е периодот меѓу двете светски војни, 1918г. - 1941г.;
- Третата фаза е периодот по Втората светска војна до прогласување на самостојноста на Р. Македонија, 1945 год. - 1991. и
- Четвртата фаза е периодот од прогласување на самостојноста на Република Македонија во 1991 до денес.

02.01. Прва фаза (1878г. - 1912г.)

Во член 23 од Берлинскиот конгрес се предвидени определени политички права за христијанското население коешто живее на територијата на Македонија. Бидејќи Османската империја не сака да ги спроведе одредбите на овој член, Бугарите од Македонија како мнозинска народност - нација во оваа провинција, создаваат во 1893г. воена организација, Македонското ослободително движење, и почнуваат вооружена борба. Целта на организацијата е примена на овој член, или како што фигуративно се истакнува во уставите на движењето, автономија на Македонија. Сепак, треба да се признае дека во тоа време не суштествува опасност од уништување, ниту физички, ниту духовно-културно на Бугарштината во Македонија. Бугарската народност - нација беше секогаш признавана од страна на Османската империја и затоа таа успеа да го сочува сопствениот идентитет во текот на пет века. Единствената сериозна закана, особено на крајот на 18 и почетокот на 19 век суштествува од страна на Грците, особено од страна на Вселенската патријаршија. Тенденцијата се задржува до 1870г. кога се создава Бугарската екзархија. Со издавањето на султанскиот ферман - 28 февруари 1870г. - се признава суштествување на самостојна бугарска црква, духовното и културното битие на Бугарите во границите на Османската империја е загарантирано. Затоа, по Берлинскиот конгрес во Македонија, при продолжително османлиско владеење, може понатака да стане збор единствено само за борба за политичкото ослободување. Како што е познато, кулминација на таа борба е Илинденско востание.
Османската империја останува доследна во намерата да не го применува член 23 од Берлинскиот конгрес се до Балканските војни, така што идејата на Македонското ослободително движење за автономија на Македонија не можеше да се релизира во практика.

02.02. Втора фаза (1919г. - 1941г.)
Со решението на Њојскиот договор од 1919 година и како казна на Бугарија, која што учествува во Првата светска војна на страната на Германија, Вардарскиот дел од Македонија, во кој дел повеќе од 1300 години бугарското население е постојано мнозинство, е предаден на владеење на новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците; од 1929 година, Кралство Југославија. Тоа решение му дава можност на Белград да спроведува политика на насилничка србизација на бугарското население.
Процесот на србизирање на Бугарите од Вардарска Македонија иако е жестоко спроведуван, не може да се карактеризира како успешен. Мнозинството Бугари од Вардарска Македонија ревностно го бранеа сопствениот духовен и културен идентитет и успеаа да го сочуваат.
Во овој период Македонското ослободително движење е многу активно, водејки вооружена и културно-просветна борба против српскиот режим во Вардарска Македонија; против србизацијата на бугарското население, се до 1934 година, кога престанува да суштествува како воена организација.
Во 1913 година, со воспоставувањето на српската власт во Вардарска Македонија беа укинати и забранети 641 бугарско училиште со 1031 бугарски учители; 761 бугарска црква, 54 бугарски параклиси и 48 бугарски манастири со 6 бугарски митрополити и 855 бугарски свештеници. Македонската ослободителна борба, која се води против српската тиранија во периодот 1919 - 1934 година, имаше како своја голема цел враќање правата на бугарската народност - нација, односно тоа беше борба за културна и политичка слобода

на Македонската Бугарштина. Кралството на Србите, Хрватите и Словенците; подоцна Кралство Југославија, беше обврзано со Њојскиот договор од 1919 година, да ги отвори овие, предходно наведени бугарски цркви и училишта и да не го попречува создавањето на нови.
Од 1934 година до денес Македонското ослободително движење се пројавува преку разни организации, легални или илегални, формирани во земјата или во странство од емиграцијата, кои водат континуирана културно-просветна борба за зачувување на Бугарштината во Вардарска Македонија.

02.03. Трета фаза (1945г. - 1991.)
После Втората светска војна, Вардарскиот дел на Македонија согласно Парискиот мировен договор од 1947 г., одново останува во границите на Југославија. Овој пат Белград применува нова стратегија во однос на бугарското население. Тоа е србокомунистичката доктрина ,,македонизам'', создадена од Коминтерната во 30–те години на 20 век, специјално во помош на Југословенската комунистичка партија. Целта на оваа доктрина е подмолното уништување на Македонската Бугарштина преку прогласувањето на бугарите од Македонија за ,,африканско племе'', кое што е без историја, култира, јазик и идентитет и создавање од него на таканаречен ,,македонски народ''. Болшевичкиот режим во Вардарска Македонија се представува пред бугарското население како ,,новаторски'', којшто му дава можност за прв пат на тоа население, преку тој етноним ,,да биде слободно и самостојно да се развива". Во 1945 г. се создава таканаречениот ,,македонски јазик'', којшто е дијалект на бугарскиот литературен јазик, со користење на српската азбука, во замена за дотогаш употребуваната бугарска азбука.
Ако болшевичкиот режим во Вардарска Македонија би сакал да помине како ослободител за македонските Бугари, тој требаше пред се да им ја врати училишната и црковната слобода од времето на Османската империја заедно со слободно исповедување на национално име, наместо повторно да ги затвори бугарските училишта и цркви, коишто привремено биле вратени меѓу 1941 - 1944 година, кога Бугарија го управуваше тој дел на Македонија. Значи, болшевичкиот режим во однос на Бугарштината во Вардарска Македонија го вршеше истото, што го правеше српскиот режим во Кралска Југославија.
Болшевичкиот режим превзеде создавање за македонските Бугари на еден нов литературен јазик од бугарскиот дијалект којшто се зборува во северо-западниот дел на Вардарска Македонија, Скопско – Тетовско - Кичевско. На односниот дијалект бугарскиот народен будител Кирил Пејчинович, по потекло од село Теарце, Тетовско, напишал книга за "простиот бугарски народ" пред околу 200 години. Експлицитно тој истакнал дека книгата се пишува на "простијот бугарски јазик", со што покажува дека така зборува славјанското население во Северозападна Македонија, утврдено од него за чисто бугарско. За успешно постигнување на одредената задача - денационализација на македонските Бугари, болшевичкиот режим превзеде и голем број на други мерки. Така на пример тој проповедува дека не Бугари, а "Македонци" се сите емигранти коишто се наоѓаат во Бугарија, кои во текот на децении ја напуштиле Македонија во врска со революционерните борби. Понатака се прогласија за "Македонци" и оние Бугари кои живеат во Пиринска Македонија. Никаква бугарска книга не може да се печати во Вардарска Македонија, ниту бугарски весник може да се издава. Притоа превземено е генерално

фалсификување на целата вековна историја на бугарската народност - нација во Македонија. Се користи и најмалиот случај, за да се насаскува македонското општество против Бугарштината, да се оддалечува од неа и да станува непријател. Останатите националности во Македонија беа признати од болшевичкиот режим такви, какви што си беа и порано - Турци, Албанци, Власи итн. Тешко само на оној што сака да се нарече Бугарин.

Очигледно е, дека името Македонец може да биде, всушност и е, само еден географски поим. Дека е Македонец, ќе ви одговори и Гркот и Влавот и Албанецот, дури и Турчинот, роден во Македонија. Така со право друг Бугарин ќе ви каже дека е добруџанец, што значи дека е од Добруџа, или тракиец, што значи дека е од Тракија. Селаните во Западна Бугарија, особено во Софискиот и Кјустендилскиот округ се нарекуваат "шопи", а во Видинскиот, делумно и во Врачанскиот округ се нарекуваат "торлаци". Но, кој би се осмелил да тврди дека суштествува добруџанска или тракијска, шопска или торлашка народност - нација. Во средината на секоја народност - нација суштествуваат географски или провинциски имиња.

Територијата пак на Вардарска Македонија се организира во Република Македонија и се прогласи за составен дел на Југословенската федерација. Процесот на ,,македонизирање” на бугарското население во Вардарска Мкедонија после 1945 г. поприма карактер на класичен геноцид. Податоците говорат, според многу извори, дека приближно од еден милион христијанско население заради заштитата на сопствениот бугарски идентитет и јазик се убиени без суд и пресуда околу 23.000 души, околу 130.000 се осудени меѓу 10 и 15 години затвор, околу 200.000 се иселени од родните места и околу 300.000 души се постојано следени и малтретирани од службите за сигурност.

02.04. Четврта фаза (1991г. до денес)

Државата Република Македонија е создадена после распаѓањето на Југославија во 1991 г.. Согласно Уставот на државата целокупното бугарско население (според доктрината ,,македонизам”) е прогласено за ,,македонско“. Политиката на државата си поставува за цел, под маската за зачувување на уставното име (познато е несогласувањето на Грција за тоа прашање) да се легализира извршениот културен геноцид после Втората светска војна. Сите граѓани на државата, кои што се обидуваат да зборуваат отворено за историскиот идентитет за таканаречениот ,,македонски народ” и денес се следат од државните служби за сигурност. Смисолот на таа државна стратегија е да се заштити позицијата пред европската и светската заедница, дека процесот на дебугаризација во Вардарска Македонија е завршен и дека бугарското население тука го прифатило новиот, по насилнички начин, наложен вештачки идентитет. Заради таа причина сите партии во државата се создадени и се контролираат од службите за сигурност, а процесот на демократизација на државата и општеството е тотална имитација.

Од друга страна, државниот апарат крева вистински "Берлински ѕид" меѓу Р. Македонија и Р. Бугарија. Сето тоа покажува дека во Р. Македонија ништо не се сменило во односот кон Бугарите од Вардарска Македонија, дека дебугаризација на земјата продолжува, а крајна цел на оваа политика е таа меѓународно да биде легализирана.

03. Еден германски социолог има напишано: “Не е страшно немањето на слобода, страшно е умирањето на волјата за слобода“. Ако прифатиме дека Бугарите од Македонија ја загубиле таа волја за слобода, која што се гледа во Република Македонија, тогаш е неизбежно да заклучиме дека атрофирањето на таа волја е најтешкиот престап којшто е извршен спрема овој народ од србокомунистичките (македонистичките) управници, зошто го оставил баз сопствениот историски разум. Од тие причини македонските комунисти го имаат изгубено сиот кредибилитет дека го претставуваат или пак можат да го претставуваат бугарското население во Вардарска Македонија.

Од теоретска гледна точка комунистичките идеи токму во Вардарска Македонија покажаа дека комунистичката сила произлагува од тоа што во основа се работи за еден теолошки систем, бидејќи во сите големи проблеми и прашања на општеството предлагаат категорично и безапелационо решение. Од друга страна пак, разрушителната сила на оваа теологија е во тоа што таа е сатанистичка. Ако ја одрекуваме способноста на човекот за слободна волја, се одрекува и одговорноста на човекот. Од одрекување на претходно кажаното произлегува и одрекувањето на казната, а со тоа и можноста за човечкото управување на општеството. Следствено, тоа е сатанистичката идеологија за последниот човек, човек којшто е дел од стадото, лишен од идеали и стремежи, но добро нахранет, облечен, сексуално задоволен, со други зборови идеален паразит.

Суштествува не само свето предание за црквата, но и за културата. Затоа што без преданија, без традиција, без возприемането на предците, културата е незамислива. Културата произлегла од култот. А во култот секогаш има света врзка меѓу живите и мртвите, меѓу сегашноста и минатото и секогаш има почит кон предците, а воедно и света енергија насочена кон нивното возкресение. Културата го добила во наследство од култот почитувањето кон надгробните плочи и споменици, коишто ја подржуваат светата врска со минатите времиња. Културата на свој начин значи се стреми да ја утврди вечноста. Тоа е почит кон творечкото дело на предците, чинителите и создавачите на културата.

Христијанскиот светоглед, којшто што е основата на нашата бугарска култура е неспоив со комунизмот. Комунизмот не сака воскресение, тој сака смрт за сето поминато, тој е потполно свртен кон идните поколенија и не мисли на предците и не сака да ги зачува врските со нивните завети. Затоа теологијата на комунизмот е сатанизам, тоа е религија на смртта. Комунистите ја одрекуваа почита кон творечкото дело на претците, затоа што величието на тие претци ги потиснуваше, го потиснуваше нивното творечко безсилие, нивната слабост и ништожност. Иначе, зошто, еден силен човек чувствувајќи ја во себе творечката сила ќе се подигне против мртвите творци и ќе им ги уништува нивните гробови, ќе го фалсификува минатото и духовно ќе го затупува поколението. Несреќен е оној народ кој што не ја сака сопствената историја и сака да ја започне одново.

04. Секоја една заедница – семејство или народ – заслужува почит не заради неа самата, туку затоа што таа е хранилиште за човечката душа. Почитта којашто ја должиме кон човечките заедници е условена од неколку нешта.

Најнапред, секоја заедница е уникална и ако се разруши не може да се замени со друга. Преку своето суштествување, заедницата се сврзува со иднината, затоа што таа ја сочувува духовната храна не само за сегашните, но и за идните поколенија. И на крајот, заедницата ги има своите корени во минатото. Таа преставува уникален посредник преку кој минатото говори за сегашноста. Заедницата е единствено земно нешто, директно сврзано со вечната човечка судбина преку светлината, запалена од оние, коишто можеа да ја осознаат таа судбина во нејзинита целост и да ја предаваат од поколение на поколение.

Многу често се случува како што е случајот со Македонската Бугарштина во Вардарска Македонија за периодот после Втората световна војна па се до денес, кога некоја заедница наместо да осигури духовна прехрана, заедницата ги јаде душите на лугето (Србокомунистичкиот - Македонистичкиот сатанизам). Во таков случај се работи за социјална болест и затоа најнапред сме должни да осигуриме лечење, но ако не оди поинаку се наложува и хирургија.

Македонизмот - Србокомунизмот за Македонската Бугарштина и за целокупната Бугарштина претставува рак (паразитна мутација). Како што е познато ракот се формора од истите клетки од коишто е составен организмот, но овие паразитни клетки го јадат организмот се до моментот на неговото угинување. Се разбира со угинувањето на организмот угинува и ракот. Единствениот начин да се спречи дејствувањето на ракот е благовремена хирушка интервенција со цел негово физичко отстранување, притоа е јасно дека хирушката интервенција претставува болна постапка.

Хирургија значи забрана на подражателите на Македонизмот - Србокомунизмот да ја присвојуваат и да ја крадат нашата Бугарска историја од Македонија, и на тој начин да ја крадат нашата иднина и да ни го одземат нашето право на иднина. Македонистите - Србокомунистите не се и не можат да бидат наследници и продолжители на духовно-културниот идентитет на Бугарите од Македонија. Тие се наследници иклучиво само на политичката доктрина на Македонизмот - Србокомунизмот, затоа нека си ги почитуваат сопствените идеолози како крволоците Сталин и Тито, потоа Србинот Стојан Новаковиќ, но и бугарските родоотстпници чии имиња не заслужуваат да бидат наведени. Јасно е дека многу неинформирани граѓани во државата болно ќе го прифатат таквото сознание, но тука не може ништо да се направи, таа е вистината. Неинформираните граѓани на државата не треба да се лутат на Здружението РАДКО - Охрид, за такво нешто здружението нема никаква вина. Нека се лутат на оние кои со нив манипулира и манипулират. Здружението РАДКО - Охрид има разбирање за тие граѓани на државата, го почитува нивното човечко достоинство и право на самоопределување, но потребно е да се каже дека сите оние граѓани коишто ќе го изберат патот на Македонизмот, треба да знаат дека нивната историја започнува после Втората светска војна. Таканаречениот во Уставот на државата, "македонски народ'' е српска измислица и коминтерновска творба. Бидејќи како производ на Македонизмот (Србокомунизмот), тој историски пред тоа никогаш не суштествувал. Македонските комунисти, чија татковина беше болшевичка Русија и Белград, за да можат после Втората светска војна да бидат на власт, требаше на крволоците Сталин и Тито да им платат со крвта и страдањата, односно со културниот геноцид над сопствениот

народ, Бугарите од Македонија. Тој немилосарден акт е достоен на делото кое што го извршил византискиот император Василиј II – Бугароубиецот.

Ваквото видување на Здружението РАДКО - Охрид е апсолутно во согласност со идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЊЕ, односно со пишаниот збор на Иван Михајлов. Никогаш немало во МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЊЕ пат којшто би означувал откажување на Бугарите од Македонија од собствените браќа во слободна Бугарија. Целата борба на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЊЕ беше борба на прво место за културна и за политичка слобода на Македонската Бугарштина, а воедно и борба за духовното единство на целокупната Бугарштина. Тоа целиот свет го знае, дури некои средини во странство никогаш не сакаа да поверуваат дека МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЊЕ навистина се бори за автономија, односно за независност на Македонија.

Нас на бугарите од Македонија, не ни е потребна држава, којашто ќе го носи името "Република Македонија", а во неа бугарското население да биде подложено на репресија, полициско набљудување и малтретирање, прогонување, дискриминација и геноцид, само и само со цел македонските комунисти и понатака да владеат со државата и на тој начин да ја избегнат, меко кажано, историско политичката одговорност.

Ние, Бугарите од Македонија, несакаме повеќе да бидеме образувани со фалсификувана историја, и со еден јазик којшто по уставот на државата се нарекува "македонски јазик", а послужи како основно средство во дебугаризацијата на Врадарска Македонија. Освен тоа, овој јазик веќе одавна ги има изгубено корените на бугарските дијалекти од Вардарска Македонија. Ние, Бугарите од Македонија сакаме да имаме образование еднакво со образованието во Република Бугарија (Европско образование), се разбира со примена на Бугарскиот литературен јазик.

Во општеството на знаењето, во коешто влегува човештвото, личностите завземаат централно место, бидејки за разлика од парите, знаењето е персонифицирано. Тука не се работи за база на податоци или компјутерска програма, бидејќи во нив се содржат само информациите. Знаењето секогаш се отелотворува во конкретна личност, која што го носи во себе, го создава, го зголемува или го збогатува, го предава тоа знаење на другите, го користи или злоупотребува со него. Така благодарение на транзицијата кон општеството на знаење, личноста излегува на преден план. Тоа создава нови предизвици, со кои досега никој не се соочувал, а се поврзани со новата јавна фигура - образованиот човек.

Ако феудалниот витез недвосмислено најмногу го претставува општеството од раното Средновековие, а буржоата го претставува времето на капитализмот, така образованиот човек ќе е новиот претставник во услови на посткапитализам, каде знаењето се претвора во главен извор на богатство и благосостојба.

Општеството на знаењето има потреба од образован човек, сосема различен од идеалот на атеистичкиот хуманизам, тука веќе се работи за христијански хуманизам, бидејки образованиот човек бара можности преку кои поседуваното на знаење треба да се користни не само денес, туку и да се моделира иднината - христијански кажано треба да се следи патот на “Обожувањето на човекот“.

Образованиот човек на утрешниот ден треба да се подготвува и за тоа да живее во глобалниот свет. Тој треба да стане "граѓанин на светот" како размислување, светоглед, информации, но истовремено и да ги црпи животворните сокови од сопствената културна средина, и затоа од своја страна тој ќе треба да ја збогатува и храни сопствената локална култура.

Образованите луѓе, треба да се подготват за живот и за работа истовремено во две културни средини - на "интелектуалец", кој се фокусира на зборовите и идеите, и на "менаџерот", којшто го насочува вниманието на луѓето кон практичната дејност.

Македонските комунисти ќе се обидат нас, Бугарите од Македонија, да не прикажуваат и да не третираат како едно од малцинските групи во државата. За да се избегне такво нешто, ние Бугарите од Македонија сакаме еден од службените јазици во државата да биде и Бугарскиот литературен јазик.

## III. УЧЕСТВО ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ

**Здружението РАДКО - Охрид своите цели и задачи ги остварува преку:**

- индивидуално и колективно дејствување на членовите и органите на здружението;

- учество на здружението во општествениот и во политичкиот живот;

- соработка на здружението со сооодвтни здруженија и структури од земјата и од странство.

Општествениот и политичкиот живот треба да минува преку вредносни дебати и разговори, бидејки без вредносна основа тие не би можеле да суштествуваат. Вредносната основа претставува нешто коешто е независно и непроменливо, а тука би можеле да спаѓаат поимите за слобода, рамноправност и праведност.

За да се сврзи со определени вредности, човекот треба да биде дел од заедницата. Слободата, рамноправноста и праведноста се достапни за човекот, само ако тој е дел од определена заедница. Тука може да биде откриена и првостепената ролја на христијан-демократијата како најблиска до човечката природа, бидејки таа е способна во највисок степен да осигури хармонија меѓу заедницата, вредностите и човечката личност. Нека ја споредиме христијан-демократијата со нејзините главни конкуренти, социјализмот и либерализмот.

Социјализмот зборува за социјална праведност, народни слободи и рамноправност, на начин како самиот политички режим да е тој, кој што треба

нив да ги создава. Бидејќи политичкиот режим треба тие вредности ги создава, тоа означува дека тие вредности не се независни и непроменливи, односно тие вредности стануваат зависни и променливи од самиот режим. Ете зошто левите политички системи лесно можат да се изродат во тоталитарни режими. Оттука произлегува и непредвидливоста на левите политички системи, коишто даваат основа да се гледа на секое лево управување како на ризично, било по однос на јавните расходи, било по однос на пазарната економијата, било по однос на човековите права.

Што се однесува до либерализмот, тука проблемот е во прекумереното залагање на можностите на индивидуата, можности коишто се силно ограничени. Индивидуата сама не може да изгради заедница. Ако при левите политички системи човекот може да остане без права и да биде потиснат, при либерализмот тој може да остане духовно недоразвиен, културно ограничен и персонално нереализиран.

Ако при социјализмот балансот заедницата – вредностите - човечката личност се нарушува во полза на заедницата за сметка на човечката личност, при либерализмот балансот заедницата – вредностите - човечката личност се нарушува во полза на индивидуата за сметка на заедницата.

Во основата на христијан-демократијата лежи суштествувањето на баланс заедницата – вредностите - човечката личност. Ако христијан-демократското управување направи компромис со вредностите, тоа ја губи основата да припаѓа во таа политичка средина. Во тоа се состои мотивацијата на христијан-демократските субјекти да бидат стриктни по однос на вредностите. На тоа се должи и стабилноста и предвидливоста на тој вид државно управување, бидејки тоа може во најголем степен да биде блиско со луѓето и да работи во нивна полза. Притоа природно е да се земе во предвид и степенот на просветеноста на политичките елити коишто го реализираат христијан-демократско управување. Успешно реализирање на таков тип управување бара сериозни познавања во областа на политичката теорија, во областа на политичката филозофија и дури во областа на метафизиката. Користењето на христијан-демократијата само како етикета вообичаено води до катастрофа за тие политички субјекти.

Христијанско-демократскиот светоглед се базира врз христијанската интерпретација за смислот на животот и врз основа на креационистичкиот научен светоглед. Од предходно кажаното не може да биде изведена определена политичка програма, меѓутоа може од предходно кажаното да биде изведено определено разбирање што претставува човекот, имајќи го во предвид неговиот христијански образ и смислата на неговото суштествување. Врз основа на ваквото разбирање за човекот се основува христијанско-демократскиот светоглед, односно христијанско-демократската политичка идеологија. Во срцето на оваа идеологија стои неприкосновеноста на човечкото достоинство.

Достоинството на човекот е независно од полот, расата, културниот идентитет и верата, независно е и од физичката и психичката состојба, од политичкото

убедување, од личните човечки постигнувања, од успешноста или неуспешноста на личноста, од тоа колку дава личноста на заедницата и од проценката на другите луге. Од тие причини, кога се зборува за достоинството на човекот се има во предвид етичката основа на политичката и општествената одговорност на христијанско-демократската политичка идеологија.

Достоинството на човекот го определува поимот за слободата. Како морално суштество човекот може да решава и да дејствува разумно и одговорно. Секој човек треба да има право да ја проширува и да да ја развива својата личност, затоа општеството и политиката имаат задача да го осигураат неопходното пространство за човечката слобода. Слободата вклучува права и должности, и секој, којшто бара слобода за себе, треба да ја признае и слободата на своите ближни.

Должноста на секаков вид државна власт е да го почитува и пази достоинството на човекот. За да се постигне тоа, правото треба да ја гарантира слободата. Затоа секоја христијан-демократска држава е пред се правна држава. Правната држава претставува форма на државно управување, при која што не може да се практикува никаква друга власт, освен власта, сообразена со процедурите, принципите и ограничувањата уредени со законот, при што секој граѓанин може да добие компензација во случаи кога има нарушување на законот од страна на државните службеници, без разлика на тоа колку тие високо се наоѓаат во власта. За Христијан-демократите државата е институција на слободните и одговорните граѓани за решавање на нивните општи проблеми и за гарантирање на нивното законосообразно и мирно сожителство. Од таа гледна точка државата треба да се самоограничува во рамките на правото, сообразно со правата на граѓаните.

Здружението РАДКО - Охрид ги има во предвид и т.н. "критериуми од Копенхаген", одредени во декември 1993 година, коишто Р. Македонија треба да ги исполни, ако сака да биде дел од Европската Унија, имено:

- Стабилни институции кои што гарантираат плуралистичка демократија, правна држава и почитување на човековите права;

- Функционална пазарна економија, како и способност да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили кои дејствуваат во Унијата;

- Способност да ги преземат обврските на членството, и особено да се придржува кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

Здружението РАДКО - Охрид ги има во предвид и следните меѓународни резолуции:

- РЕЗОЛУЦИЈА 1096 од 1996 година на Парламентарното собрание на СОВЕТОТ НА ЕВРОПА - Мерки за разрушување на наследството во поранешните комунистички тоталитарни системи;

- Резолуцијата на ЕНП (Европската Народна Партија) од 2004 година - Осуда на тоталитарниот комунизам;

- РЕЗОЛУЦИЈА 1481 од 2006 година на Парламентарното собрание на СОВЕТОТ НА ЕВРОПА - Потреба од меѓународна осуда на злосторствата во тоталитарните комунистички режими;

- Прашката декларација за европската совест и комунизмот од 2008 година и

- Резолуцијата на Европскиот парламент од 2009 година - Европската совест и тоталитаризмот.

06.09.2011г.
Охрид

Претседател
Владимир Паунковски
_____________________________